Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), **Општина Штип,** на ден 24.01.2020 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планската програма за изработка на измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од центар, дел од УБ1, дел од УМ 1 и 2, КО Штип 5 и дел од КО Штип 4, Општина Штип кој се носи согласно Генералниот урбанистички план на град Штип донесен 1999 година и Програмата за изработка на урбанистички планови за територија на Општина Штип за 2018 год. со бр.08-720/1 од 31.01.2018 год., програмска задача финансирана од страна на заинтерисирани инвеститори, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето планската програма изработка на измена и дополнување на ДУП за дел од центар, дел од УБ1, дел од УМ 1 и 2, КО Штип 5 и дел од КО Штип 4, Општина Штип, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Целокупните активности во оваа област ќе се насочуваат кон обезбедување на непречен просторен развој, при што би се обезбедила квалитетна, здрава и хумана средина за живот и работа. Во границите на планскиот опфат како подрачје наменето за градење се предвидени градби од класите како и класи кои се компатибилни на основните класи: А- Домување односно А1- Домување во станбени куќи, А2- Домување во станбени згради, Б - Комерцијални и деловни намени односно Б1 - Мали комерцијални и деловни намени, Е- Инфраструктура, односно Е2- комунална супраструктура. Целта на изработка на ДУП-от е формирање и дефинирање на градежни парцели, добивање на максимална површина за градба согласно законските прописи за предвидување на градби со намена А1, А2, Б1, Е2. Врз основа на детална анализа на постојната состојба и дефинираните цели на развојот, што се детерминирани согласно ГУП за град Штип, во границите на планскиот опфат не постојат објекти кои би влијаеле на загрозувањето на животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.18-391/2
Штип

м-р СТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА ШТИП * 1

Градоначалник
на Општина Штип
Благој Бочварски